**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.29**

**И.бр.1028/21**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Стопанска Банка АД Скопје преку полн.адв.Вера Јосифова** од Скопје со седиште на ул.11-ти Октомври бр.7, засновано на извршната исправа ОДУ бр.976/2019 од 27.12.2019 на Нотар Богданка Димитровска, против **солидарните должници Друштво за производство, откуп, обработка и промет со тутун, земјоделство и трговија на големо и мало ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО увоз-извоз Делчево од Делчево** со седиште на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40, **Томчо Ѓеоргиев од Струмица** со живеалиште на ул. ул.Васил Сурчев бр.37/2-4 и **Илчо Ѓоргиев од Радовиш** со живеалиште на ул. ул.Илинденска бр.45, за спроведување на извршување во вредност 135.714.625,00 ден., на ден 22.12.2021 година го донесува следниот:
:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

- Залиха на готов производ – тутун од берба 2018 година, со вкупна нето тежина од 49.739,5 кг индустриска класа КК, со проценета вредност од 2 евра по килограм или вкупно 99.479,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ од 6.137.255,оо денари

- Процена на вредност на 2.688 тонгии во кои е спакуван тутунот сметано по 0,17 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ во износ од 10,48 денари или вкупна проценета вредност од 457,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ од 28.224,оо денари;

Вкупно проценета вредност на залихата 99.936,оо евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ од 6.165.479,оо денари, сопственост на должникот Друштво за производство, откуп, обработка и промет со тутун, земјоделство и трговија на големо и мало ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО увоз-извоз Делчево од Делчево со седиште на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40.

Продажбата на подвижните предмети – залиха на тутун може да се изврши и за пооделни количини од истиот.

Почетната вредност на подвижните предмети, утврдена со Заклучок на извршителот И.бр.1028/21 од 22.12.2021 година, изнесува 99.936,оо евра во денарска

противвредност по среден курс на НБРСМ од 6.165.479,оо денари, која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Нема залог.

Продажбата ќе се одржи на ден 31.12.2021 година во 11:00 часот во просториите на Извршителот Славе Дончев со седиште на ул. ,,Маршал Тито,, бр. 54/2, Кочани.

Продажбата на предметите ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Сите даноци и давачки кои произлегуваат од продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат во просториите на должникот ДАЛИЈА-ТАБАК ДОО Делчево на ул. Методи Митевски Брицо бр. 40 во Делчево.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Должник

Доверител

Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.